Врз основа на член 23 став 4 од Законот за работни односи („Службен весник на РМ" бр.62/05.........120/18 и „Службен весник на РСМ" бр.110/19...288/21), член 22 став 1 алинеја 2 од Законот за вработените во јавниот сектор („Сл.весник на РМ бр.27/14.......198/18 и „Сл.весник на РСМ бр. 143/19 и 14/20) и член 50 став 14 од Законот за локалната самоуправа, а во врска со објавениот Јавен оглас за засновање на работен однос на определено време со арх. бр.08-2096/2 од 25.04.2023 година, Градоначалникот на Општина Велес ја донесе следната

**ОДЛУКА**

за избор на кандидат по Јавен оглас
за засновање на работен однос на определано време
во Територијална противпожарна единица-Велес

1. Градоначалникот на Општина Велес, по спроведената постапка по Јавниот оглас со арх.бр. бр.08-2096/2 од 25.04.2023 година, за прием на работници во работен однос на определено време на работно место – Пожарникар спасител во Територијална противпожарна единица-Велес -2 (двајца) извршители, изврши избор на следните кандидати:
   - Богданчо Драскачев
   - Благој Ѓорчевски

2. Врз основа на одлуката за избор, со избраните кандидатите наведени во точка 1 од оваа Одлука, ќе се склучи договор за вработување на определено време, заради привремено зголемен обем на работа.
3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Општина Велес на ден 27.04.2023 година, објави Јавен оглас (со арх.бр.08-2096/2 од 25.04.2023 година), за прием на работници во работен однос на определено време на работно место Пожарникар спасител во Територијална противпожарна единица, ПОЖ 02 10 В04 000 - 2(двајца) извршители утврдено со актот/систематизацијата на работните места на Општина Велес. На јавниот оглас се јавија 2(двајца) кандидати.

Комисијата за селекција, формирана од Градоначалникот на Општина Велес, ги прегледа пристигнатите пријава и документи и изврши проверка на истите. Од извршената проверка Комисијата констатира дека се поднесени 2 (две) пријави, кои се поднесени во утврдениот рок, со комплетна документација. За извршената селекција на пристигнатите документи и пријави по огласот, Комисијата за селекција до Градоначалникот на Општина Велес достави Записник со бр.04-2096/8 од 05.05.2023 година, со конечна ранг-листа.

Врз основа на доставениот записник, а согласно член 23 став 4 од Законот за работни односи, член 22 став 1 алинеја 2 од Законот за вработените во јавниот сектор и член 50 став 14 од Законот за локалната самоуправа, Градоначалникот донесе одлука како во диспозитивот.

**Правна поука**: Против оваа одлука може да се изјави приговор до Градоначалникот на Општина Велес во рок од 8 дена од денот на објавувањето на одлуката на страната на Општина Велес.

Број.08-2096/9
08.05.2023 година

Република Северна Македонија Градоначалник Општина Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев

Доставено до:
-кандидатот
-ОУЧР
-Списи и архива